Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.05/2002 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), член 23 став 3 од Закон за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово (Службен гласник на Општина Берово бр.13/02,18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23 ), Советот на Општина Берово на 54-тата седница одржана на 18.12.2024 година донесе:

# О Д Л У К А

## за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2025 година

### Член 1

Со оваа одлука, Советот на Општина Берово го продолжува работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово, во согласност со годишните програми на Општина Берово за 2025 година.

### Член 2

Советот на Општина Берово го продолжува работното време на угостителските објекти од Член 23 од Закон за угостителската дејност, со времетраење од 1 час за деновите:

- 5-ти , 6-ти и 7-ми јануари;
- 17-ти и 18-ти јануари;
- 30 април;
- 24-ти мај;
- 1-ви и 2-ри август;
- 6-ти и 7-ми септември;
- 10-ти и 11-ти октомври;
- 22 октомври;
- 6-ти и 7-ми декември.

Советот на Општина Берово го продолжува работното време на угостителските објекти од Член 23 од Закон за угостителската дејност, со времетраење од 2 часа за деновите:

- 19-ти и 20-ти април;
- 23-ти август;
- 28-ми и 29-ти и 30-ти август.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Берово”.

Број 09-4184/1<br>
18.12.2024 година<br>
Берово

Совет на Општина Берово<br>
Претседател<br>
с.р Петар Ружински